РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
Бр. 07 - 1784/1
17.04.2014 година

# УПАТСТВО ЗА ГЛАСАЊЕ

## за Претседателските избори 2014 година (II круг) и Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија 2014 година

Гласањето се врши лично на гласачките места во Република Македонија и во дипломатско конзуларните претставништва односно конзуларните канцеларии на Република Македонија.

Избирачкиот одбор на избирачот му го објаснува начинот на гласањето и му се овозможува да гласа.

1.Избирачот го докажува својот идентитет со важечки документ за лична идентификација (биометриска лична карта или биометриски пасош).

2. Избирачот може да одбере да гласа за двата вида избори или само за еден вид на избори.

- Ако избирачот одбере да гласа само за еден вид избори, тогаш му се дава соодветното гласачко ливче и се потпишува само во соодветниот извод од Избирачкиот список.
- Избирачот нема да може подоцна да се врати на гласачкото место и дополнително да гласа за оној вид избори за кои претходно не го искористил правото на глас.

3. Избирачот се потпишува во соодветните изводи од Избирачкиот список.

4. Ако избирачот одбере да гласа за двата вида на избори, тогаш добива едно гласачко ливче за избор на претседател и едно гласачко ливче за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

5. Гласачките ливчиња се откинуваат од кочанот на блокот по нумерички редослед, им се става печат на предната страна и потоа му се даваат на избирачот.

6. Избирачот се обележува со видливо мастило на палецот на левата рака. Ако избирачот нема палец на двете раце, тогаш му се обележува со видливо мастило десниот показалец, односно левиот показалец доколку нема показалец на десната рака.

7. Гласањето се врши тајно, зад параван.

8. Избирачот гласањето го врши на тој начин што го заокружува редниот број пред името и презимето на кандидатот односно подносителот на листа на кандидати за кој се определил.

9. Преклопените гласачки ливчиња избирачот ги става во соодветните гласачки кутии.

10. Гласање за друго лице е забрането, освен во случаите предвидени во членот 112 од Изборниот законик и тоа:

- Избирачот кој има физички недостаток или е неписмен и поради тоа не може да гласа на начин утврден со Изборниот законик, со себе има право да доведе лице кое ќе му помогне при гласањето.

- Ако избирачот не доведе со себе лице кое ќе му помогне при гласањето, тогаш Избирачкиот одбор ќе определи друго лице од редот на избирачите.
- Лицето кое ќе му помага на друго лице при гласањето не смее да биде од редот на членовите на избирачкиот одбор, претставниците на подносителите на листите или од редот на набљудувачите.
- Лицето не смее да влијае врз одлуката на избирачот, а при гласањето може да помогне најмногу на двајца избирачи кои се со физички недостаток или се неписмени.
- Овој начин на гласање се забележува во записникот број 16 и во дневникот за евиденција на настани.

11. Заради обезбедување на тајноста на гласањето, на денот на гласањето на гласачките места, овластените претставници на подносителите на листите, овластените набљудувачи, членовите на изборните органи и избирачите не смеат да користат мобилни апарати, фотоапарати и други средства за снимање на изборниот материјал и на избирачите кога гласаат.

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Никола Рилкоски**